# ПРЕДЛОГ - ТАРИФА
# ЗА НАДОМЕСТОЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ФОНОГРАМИ И ИЗВЕДБИ

## НАДОМЕСТ ЗА РАДИОДИФУЗНО ЕМИТУВАЊЕ, И КАБЕЛСКО РЕЕМИТУВАЊЕ

I. ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Тарифен бр 1**

За користење на фонограми и изведби од страна на ЈП Македонска радиотелевизија надоместокот се плаќа годишно и тоа:

За користење во забавна програма емитувана на:
- Македонска телевизија - 2,0065 ден/секунда
- Македонско радио - 0,2448 ден/секунда

или

-доколку системот за електронска евиденција не биде инсталиран - 2,9% од вкупниот годишен приходот дефиниран во член 6 став 1 точка 2 од Правилникот прикажан во Годишната сметка на Јавното Радиодифузно Претпријатие за претходната година во тековната година (во понатамошниот текст: *Приходот*),

За користење во образовна програма емитувана на:
- Македонска телевизија - 2,0065 ден/секунда
- Македонско радио - 0,2448 ден/секунда

или

- Доколку системот за електронска евиденција не биде инсталиран - 2,9% од вкупниот годишен приходот дефиниран во член 6 став 1 точка 2 од Правилникот прикажан во Годишната сметка на Јавното Радиодифузно Претпријатие за претходната година во тековната година (во понатамошниот текст: *Приходот*),

За користење во информативна програма емитувана на:
- Македонска телевизија - 2,0065 ден/секунда
- Македонско радио - 0,2448 ден/секунда
или
- Доколку системот за електронска евиденција не биде инсталиран - 2,9%
од вкупниот годишен приходот дефиниран во член 6 став 1 точка 2 од Правилникот прикажан во Годишната сметка на Јавното Радиодифузно Претпријатие за претходната година во тековната година (во понатамошниот текст: *Приходот*) .

Во случај кога Јавното радиодифузно претпријатие согласно Закон ќе биде обврзано да емитува во законски определени периоди и траење инструментална музика од македонски автори и автори на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално/инструментални музика на македонски јазик или на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, надоместокот за тој период на користење ќе се пресметува во износ намален за 10 пати, за што соодветно ќе се намали износот утврден согласно став 1 на овој тарифен број.

Доколку износот на надоместокот за тековната година пресметан во согласност со тарифата утврдена во претходните ставови на годишно ниво ја надминува горната граница утврдена со член 137 став 1 точка 3 од Законот за авторското и сродните права, ќе се наплатува на годишно ниво износ кој претставува еквивалент на 12 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година.

II. ТРГОВСКИ РАДИО ДИФУЗНИ ДРУШТВА

**Емитување и пренос на радио програмски сервис**

**Тарифен број 2**

При утврдување на висината на надоместоците се зема во предвид:

1. Структурата и природата на програмата (форматот на радиодифузниот сервис), согласно со издадената дозвола за вршење радиодифузна дејност и тоа :

а) говорни и говорно-музички радија од општ формат во зависност од медиумската функција која ја остваруваат можат да бидат :
- претежно образовен општ формат
- претежно информативен општ формат и
- претежно забавен општ формат.

б) говорни и говорно-музички радија од специјализиран формат ;
в) музичко-говорни и музички радија од општ формат и

г) музичко-говорни и музички радија од специјализран формат .

2. Видот на програмата, односно сегментот на програмската шема на радио-телевизиската организација согласно прописите со кои се уредува вршењето на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги,

3. Подрачјето, односно сервисната зона на која се врши дејноста.

Во случај кога Јавното радиодифузно претпријатие согласно Закон ќе биде обврзано да емитува во законски определени периоди и траење инструментална музика од македонски автори и автори на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално/инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, надоместокот за тој период на користење ќе се пресметува во износ намален за 10 пати, за што соодветно ќе се намали износот утврден согласно став 1 на овој тарифен број.

## **Радио програмски сервиси на локално ниво**

| Формати на радио програмски сервиси | | Номинален износ ден/сек | Процент од приходот |
|---|---|---|---|
| Говорни и говорно музички радија од општ формат : | -образовен | 0,0013 | 1.2% |
| | -информативен | 0,0015 | 1,4% |
| | -забавен | 0,0018 | 1,7% |
| Говорни и говорно музички радија од специјализиран формат | -образовен | 0,0021 | 2,1% |
| | -информативен | 0,0021 | 2,1% |
| | -забавен | 0,0021 | 2,1% |
| Музичко-говорни и музички радија од општ формат | -образовен | 0,0026 | 2,5% |
| | -информативен | 0,0026 | 2,5% |
| | -забавен | 0,0026 | 2,5% |
| Музичко-говорни и музички радија од специјализиран формат | -образовен | 0,0030 | 2,9% |
| | -информативен | 0,0030 | 2,9% |
| | -забавен | 0,0030 | 2,9% |

*Пресметка по основ номинален износ ќе се врши доколку не е инсталиран системот за електронска евиденција.

Доколку износот на надоместокот за тековната година пресметан во согласност со тарифата утврдена во претходните ставови на годишно ниво ја надминува горната граница утврдена со член 137 став 1 точка 3 од Законот за авторското и сродните права, ќе се наплатува на годишно ниво износ кој претставува еквивалент на 2 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година.

**Радио програмски сервиси на регионално ниво**

| Формати на радио програмски сервиси | | Номинален износ ден/сек | Процент од приходот |
|---|---|---|---|
| Говорни и говорно музички радија од општ формат : | -образовен | 0,0046 | 1,2% |
| | -информативен | 0,0048 | 1.4% |
| | -забавен | 0,0051 | 1,7% |
| Говорни и говорно музички радија од специјализиран формат | -образовен | 0,0055 | 2,1% |
| | -информативен | 0,0055 | 2,1% |
| | -забавен | 0,0055 | 2,1% |
| Музичко-говорни и музички радија од општ формат | -образовен | 0,0080 | 2,5% |
| | -информативен | 0,0080 | 2,5% |
| | -забавен | 0,0080 | 2,5% |
| Музичко-говорни и музички радија од специјализиран формат | -образовен | 0,0121 | 2,9% |
| | -информативен | 0,0121 | 2,9% |
| | -забавен | 0,0121 | 2,9% |

*Пресметка по основ номинален износ ќе се врши доколку не е инсталиран системот за електронска евиденција.

Доколку износот на надоместокот за тековната година пресметан во согласност со тарифата утврдена во претходните ставови на годишно ниво ја надминува горната граница утврдена со член 137 став 1 точка 3 од Законот за авторското и сродните права, ќе се наплатува на годишно ниво износ кој претставува еквивалент на 4 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година.

## Радио програмски сервиси на државно ниво

| Формати на радио програмски сервиси | | Номинален износ ден/сек | Процент од приходот |
|---|---|---|---|
| Говорни и говорно музички радија од општ формат : | -образовен | 0,0111 | 1,2% |
| | -информативен | 0,0126 | 1.4% |
| | -забавен | 0,0153 | 1,7% |
| Говорни и говорно музички радија од специјализиран формат | -образовен | 0,0330 | 2,1% |
| | -информативен | 0,0330 | 2,1% |
| | -забавен | 0,0330 | 2,1% |
| Музичко-говорни и музички радија од општ формат | -образовен | 0,0393 | 2,5% |
| | -информативен | 0,0393 | 2,5% |
| | -забавен | 0,0393 | 2,5% |
| Музичко-говорни и музички радија од специјализиран формат | -образовен | 0,0455 | 2,9% |
| | -информативен | 0,0455 | 2,9% |
| | -забавен | 0,0455 | 2,9% |

***Пресметка по основ номинален износ ќе се врши доколку не е инсталиран системот за електронска евиденција.**

Доколку износот на надоместокот за тековната година пресметан во согласност со тарифата утврдена во претходните ставови на годишно ниво ја надминува горната граница утврдена со член 137 став 1 точка 3 од Законот за авторското и сродните права, ќе се наплатува на годишно ниво износ кој претставува еквивалент на 12 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година.

## Емитување и пренос на телевизиски програмски сервис

## Тарифен бр.3

При утврдување на висината на надоместоците се зема во предвид:

1. Структурата и природата на програмата (форматот на радиодифузниот сервис), согласно со издадената дозвола за вршење радиодифузна дејност и тоа :

   а) Телевизискиот програмски сервис од општ формат во зависност од медиумската функција која ја остварува може да биде:
   - претежно образовен општ формат;
   - претежно информативен општ формат и
   - претежно забавен општ формат.

   б) Телевизиски програмски сервис од специјализиран формат.

2. Видот на програмата, односно сегментот на програмската шема на радио-телевизиската организација согласно прописите со кои се уредува вршењето на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги,

3. Подрачјето односно сервисната зона на која се врши дејноста.

Во случај кога Јавното радиодифузно претпријатие согласно Закон ќе биде обврзано да емитува во законски определени периоди и траење инструментална музика од македонски автори и автори на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално/инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, надоместокот за тој период на користење ќе се пресметува во износ намален за 10 пати, за што соодветно ќе се намали износот утврден согласно став 1 на овој тарифен број.

### Телевизиски програмски сервиси на локално ниво

| Формати на телевизиски програмски сервиси | | Номинален износ ден/сек | Процент од приходот |
|---|---|---|---|
| Општ формат : | -образовен | 0,0146 | 0,8% |
| | -информативен | 0,0165 | 0,9% |
| | -забавен | 0,0220 | 1,2% |
| Специјализиран формат | -образовен | 0,0256 | 1,4% |
| | -информативен | 0,0256 | 1,4% |
| | -забавен | 0,0256 | 1,4% |

*Пресметка по основ номинален износ ќе се врши доколку не е инсталиран системот за електронска евиденција.

Доколку износот на надоместокот за тековната година пресметан во согласност со тарифата утврдена во претходните ставови на годишно ниво ја надминува горната граница утврдена со член 137 став 1 точка 3 од Законот за авторското и сродните права, ќе се наплатува на годишно ниво износ кој претставува еквивалент на 2 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година.

## Телевизиски програмски сервиси на регионално ниво

| Формати на телевизиски програмски сервиси | | Номинален износ ден/сек | Процент од приходот |
|---|---|---|---|
| Општ формат : | -образовен | 0,0242 | 0,8% |
| | -информативен | 0,0271 | 0,9% |
| | -забавен | 0,0363 | 1,2% |
| Специјализиран формат: | -образовен | 0,0423 | 1,4% |
| | -информативен | 0,0423 | 1,4% |
| | -забавен | 0,0423 | 1,4% |

*Пресметка по основ номинален износ ќе се врши доколку не е инсталиран системот за електронска евиденција.

Доколку износот на надоместокот за тековната година пресметан во согласност со тарифата утврдена во претходните ставови на годишно ниво ја надминува горната граница утврдена со член 137 став 1 точка 3 од Законот за авторското и сродните права, ќе се наплатува на годишно ниво износ кој претставува еквивалент на 4 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година.

## Телевизиски програмски сервиси на државно ниво

| Формати на телевизиски програмски сервиси | | Номинален износ ден/сек | Процент од приходот |
|---|---|---|---|
| Општ формат : | -образовен | 0,7800 | 0,8% |
| | -информативен | 0,8775 | 0,9% |
| | -забавен | 1,1700 | 1,2% |
| Специјализиран формат: | -образовен | 1,3650 | 1,4% |
| | -информативен | 1,3650 | 1,4% |
| | -забавен | 1,3650 | 1,4% |

*Пресметка по основ номинален износ ќе се врши доколку не е инсталиран системот за електронска евиденција.
Доколку износот на надоместокот за тековната година пресметан во согласност со тарифата утврдена во претходните ставови на годишно ниво ја надминува горната граница утврдена со член 137 став 1 точка 3 од Законот за авторското и сродните права, ќе се наплатува на годишно ниво износ кој претставува еквивалент на 12 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година.

## III. НЕПРОФИТНИ РАДИОДИФУЗНИ УСТАНОВИ

### Тарифен број 4

Во согласност со чл.7 и 10 од Законот за радиодифузна дејност, образовни, културни и други установи и здруженија можат да основаат непрофитна радиодифузна установа со цел за да се задоволат потребите и инересите на специфични целни групи

Непрофитни радиодифузни установи, надоместокот го плаќаат месечно, и тоа :

- 0 % од приходот, но не повеќе од 0 бодови годишно.

## IV.САТЕЛИТСКО ЕМИТУВАЊЕ

### Тарифен број 5

При утврдување на висината на надоместоците се зема во предвид:

1. Структурата и природата на програмата (форматот на радиодифузниот сервис), согласно со издадената дозвола за вршење радиодифузна дејност и тоа :

а) Телевизискиот програмски сервис од општ формати во зависност од медиумската функција која ја остварува може да биде:
-претежно образовен општ формат ;
-претежно информативен општ формат и
-претежно забавен општ формат.

б) Телевизиски програмски сервис од специјализиран формат.

2. Видот на програмата, односно сегментот на програмската шема на радио-телевизиската организација согласно прописите со кои се уредува вршењето на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги,

3. Подрачјето односно сервисната зона на која се врши дејноста**.**

| Формати на телевизиски програмски сервиси | | Номинален износ ден/сек | Процент од приходот |
|---|---|---|---|
| Општ формат: | -образовен | 0,0475 | 0,8% |
| | -информативен | 0,0533 | 0,9% |
| | -забавен | 0,0710 | 1,2% |
| Специјализиран формат | -образовен | 0,0830 | 1,4% |
| | -информативен | 0,0830 | 1,4% |
| | -забавен | 0,0830 | 1,4% |

*Пресметка по основ номинален износ ќе се врши доколку не е инсталиран системот за електронска евиденција.

Доколку износот на надоместокот за тековната година пресметан во согласност со тарифата утврдена во претходните ставови на годишно ниво ја надминува горната граница утврдена со член 137 став 1 точка 3 од Законот за авторското и сродните права, ќе се наплатува на годишно ниво износ кој претставува еквивалент на 2 месечни просечни плати на локално ниво, 4 месечни просечни плати на регионално ниво, или 12 месечни просечни плати на државно ниво, исплатени во Република Македонија во претходната година за тековната година.

V. ЕМИТУВАЊЕ ПРЕКУ САТЕЛИТ ПО ПАТ НА СРЕДСТВА ЗА ДЕКОДИРАЊЕ НА СИГНАЛ (ДИРЕКТ ТО ХОМЕ ТЕХНОЛОГИЈА)

**Тарифен број 6**

Надоместокот за користење на фонограми и изведби при емитување на програми преку сателит по пат на средства за декодирање на сигнал (ДИРЕКТ ТО ХОМЕ технологија) плаќаат надоместок во висина од:

-0,02 бода по декодер месечно.

Операторот е должен да достави извештај за бројот на декодери најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

VI. КАБЕЛСКО РЕЕМИТУВАЊЕ РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМИ ВО КАБЕЛСКА МРЕЖА

**Тарифен број 7**

Надомест за кабелско реемитување за користење на фонограми и изведби на радио и телевизиски програми во кабелска мрежа

-0,02 бода, по претплатник месечно.

Операторот на кабелска мрежа е должен да достави извештај за бројот на претплатници, до 15-ти во месецот за претходниот месец

# НАДОМЕСТ ЗА ПОВРЕМЕНО ИЛИ ПОСТОЈАНО ЈАВНО СООПШТУВАЊЕ НА ФОНОГРАМИ И ИЗВЕДБИ

1. При утврдување на висината на надоместоците за повремено или постојано соопштување на фонограми и изведби се зема капацитетот на објектот во кој се врши дејноста при што се користат фонограми и изведби, согласно површината во квадратни метри, како и времето во кое јавно се соопштуваат фонограмите и подрачјето во кое се наоѓа објектот во кој се врши дејноста, месечниот надомест изнесува:

VII. УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

**А) Угостителски објекти кои дејноста ја обавуваат врз основа на лиценца**

**Тарифен број 8**

- Ноќни барови
- Кабареа
- Диско клубови
- Диско клубови на отворен простор

Град Скопје и туристички подрачја во сезона

| Површина на простор во м$^2$ | бодови |
|---|---|
| Од 0 - 100 м$^2$ | 80 |
| Од 101 - 200 м$^2$ | 150 |
| Од 201 - 400 м$^2$ | 288 |
| Од 401 - 800 м$^2$ | 441 |
| Повеќе од 800 м$^2$ | 630 |

Останати подрачја и туристички подрачја надвор од сезона

| Површина на простор во м$^2$ | бодови |
|---|---|
| Од 0 - 100 м$^2$ | 56 |
| Од 101 - 200 м$^2$ | 105 |
| Од 201 - 400 м$^2$ | 202 |
| Од 401 - 800 м$^2$ | 309 |

| | |
|---|---|
| Повеќе од 800 $м^2$ | 441 |

**Б) Угостителски објекти за исхрана и пијалоци**

**Тарифен број 9**

– Ресторани
– Гостилници
– Ресторани со самопослужување
– Киосци
– Млечни ресторани
– Ресторан бавчи
– Летни бавчи
– Кебапчилници
– Пицерии
– Бистроа
– Пивници
– Експрес Ресторани
– Кафеани
– Кафетерии
– Кафе барови

Град Скопје и туристички подрачја во сезона

| Површина на простор во м$^2$ | износ на бодови |
|---|---|
| Од 0 -50 м$^2$ | 9 |
| Од 51 - 100 м$^2$ | 17 |
| Од 101 - 200 м$^2$ | 28 |
| Од 201 - 400 м$^2$ | 40 |
| Повеќе од 400 м$^2$ | 65 |

Останати подрачја и туристички подрачја надвор од сезона

| Површина на простор во м2 | износ на бодови |
|---|---|
| Од 0 -50 м$^2$ | 7 |
| Од 51 - 100 м$^2$ | 12 |
| Од 101 - 200 м$^2$ | 20 |
| Од 201 - 400 м$^2$ | 28 |
| Повеќе од 400 м$^2$ | 45 |

## В) Локали и објекти во кои не се служи алкохол и сите останати објекти

### Тарифен број 10

- Бурекџилници
- Слаткарници
- Интернет кафеа / играчници
- Кантини
- Детски игротеки во кои се служи храна и/или пијалок
- Скара на кило
- Сендвичари
- Киосци

Град Скопје и туристички подрачја во сезона

| | Работно време | |
|---|---|---|
| Површина на простор во $м^2$ | До 24 часот | По 24 часот |
| Од 0 - 50 $м^2$ | 6 | 8 |
| Од 51 - 100 $м^2$ | 10 | 17 |
| Повеќе од 100 $м^2$ | 20 | 30 |

Останати подрачја и туристички подрачја надвор од сезона

| | Работно време | |
|---|---|---|
| Површина на простор во $м^2$ | До 24 часот | По 24 часот |
| Од 0 - 50 $м^2$ | 5 | 6 |
| Од 51 - 100 $м^2$ | 7 | 10 |
| Повеќе од 100 $м^2$ | 15 | 20 |

**Тарифен број 11**

**Д) Угостителски објекти за сместување**

1. За користење на фонограми и изведби во собите на угостителски објекти за сместување како хотели, мотели, пансиони, хотелски населби, туристички апартмани, апартмански населби, туристички резиденции, бунгалови и депанданси преку интерна телевизија од затворен тип или било кај друга телевизија или кабелска мрежа, или преку радиоприемник, месечниот надомест изнесува:

   - 0,065 бода по ноќевање или 1,86 бода по приемник или интернет приклучок

   Висината на надоместокот првенствено ќе се определува според првиот начин. Вториот начин (по приемник, односно интернет приклучок) ќе се применува само во случај доколку корисникот не достави или даде погрешни податоци за бројот на ноќевања за соодветниот период.

2. За користење на фонограми и изведби во заедничките простории на угостителските објекти за сместување (лифтови, ходници, тоалети) месечниот надомест се наплаќа во однос на големината на просторот изразено во $м^2$ и тоа:

   0,02 бода по $1м^2$

   За користење на фонограми и изведби во заедничките простории на угостителските објекти за сместување (предворје, рецепции, конференциски цали, базени, спа центри и слично) месечниот надомест се наплаќа во однос на големината на просторот изразено во $м^2$.

| Површина на простор во $м^2$ | Цена во бодови по $м^2$ |
|---|---|
| до 50 $м^2$ | 0.15 |
| од 51 - 200 $м^2$ | 0.1 |
| Повеќе од 200 | 0.05 |

3. За користење на фонограми и изведби во комплементарни сместувачки објекти, во кои спаѓаат: ноќевалишта, гостилници, кампови, приватни сместувачки капацитети (соби, апартмани, станови, куќи), месечниот надоместок изнесува 1 бод за капацитет до 10 лица и 1 бода за секои наредни 10 лица.

4. За користење на фонограми и изведби во комплементарни одморалишта (за деца, младинци, работници,лица со попреченост и слично), други комплементарни објекти (феријални домови, планинарски домови и куќи, објекти за привремено сместување и слично) месечниот надоместок изнесува 0 бод за капацитет до 10 лица и 0 бода за секои наредни 10 лица.

## VIII. ТРГОВСКИ И ДРУГИ РАБОТНИ ПРОСТОРИИ

**Тарифен број 12**

1. За користење на фонограми и изведби во трговски центар, супермаркет, стоковна куќа, продавница, постојан изложбен трговски простор, деловна просторија, берберски или фризерски салон, козметички салон, салон за убавина, здравствена установа, агенција, банка, бензинска пумпа или слично, месечниот надомест во зависност од големината на просторот изнесува:

| Површина на простор во м$^2$ | Цена во бодови по м$^2$ |
|---|---|
| До 50 м$^2$ | 0.15 |
| Од 51 - 200 м$^2$ | 0.1 |
| Повеќе од 200 | 0.05 |

2. Доколку фонограмите и изведбите се употребуваат и на отворен јавен простор месечниот надомест од претходната табела се зголемува за 30 бодови.

3. За користење на фонограми и изведби во простории во кои занаетчиска дејност врши физичко лице- занаетчија регистриран во Регистарот на занаетчии, трговски и други производствени погони, месечниот надомест во зависност од големината на просторот изнесува 0 бодови по м$^2$.

4. За користење на фонограми и изведби на сезонски или повремени саеми дневниот надомест изнесува 10 бодови и  по 2 бодови на ден за користење на фонограми на секој одделен изложбен простор (штанд).

5. За користење на фонограми и изведби во пропагандни цели со помош на возило со разглас дневниот надоместок изнесува 6 бодови

## IX. ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА

**Тарифен број 13**

1. - За користење на фонограми и изведби во средства кои вршат јавен превоз (освен градски превоз) автобуси, возови, бродови, месечниот надомест изнесува 2 бода по превозно средство.
   - За користење фонограми и снимени изведби во средствата кои вршат градски јавен превоз месечниот надоместокот изнесува 0 бодови по возило
   - За користење на фонограми и изведби во излетнички автобуси на туристички агенции, месечниот надомест изнесува 10 бодови по превозно средство.
   - За користење на фонограми и изведби во авиони, месечниот надомест изнесува 1,5 бодови по лет.
2. За користење на фонограми и изведби на автобуска, железничка станица, пристанишата, аеродроми,  месечниот надомест изнесува 0,02бода по м$^2$.
3. За користење на фонограми и изведби во такси возила, обврзник е такси здружението, а месечниот надомест по регистрирано такси возило изнесува 0 бодови.

X. КИНО САЛИ

**Тарифен број 14**

За користење на фонограми во кино салите пред почетокот, за време на пауза или по завршување на филмот, надоместокот изнесува 1,4 бода по проекција.

XI. МУЗЕИ, ГАЛЕРИИ, ИЗЛОЖБИ

**Тарифен број 15**

За користење на фонограми и изведби во музеи, галерии, на изложби и слично со помош на разглас, екран, или слично, и каде се наплатува влезница, месечниот надоместок изнесува 0 бодови.

XII. СПОРТСКИ ПРОСТОРИ

**Тарифен број 16**

За користење на фонограми и изведби на спортски простори како: спортски сали, базени, лизгалишта, тениски игралишта, скијачки центри и слично кои користат фонограми, месечниот надоместок се одредува според бројот на продадени влезници, и тоа:

0,02 бода по посетител

XIII. СТАДИОНИ

**Тарифен број 17**

За користење на фонограми и изведби пред, за време на пауза и по завршувањето на спортскиот настани, надоместок за секој настан се определува према бројот на продадени влезници и тоа:

0,02 бода по посетител

XIV. ЗАБАВНИ ПАРКОВИ И ЗООЛОШКИ ГРАДИНИ

**Тарифен број 18**

За користење на фонограми и изведби во забавен парк и зоолошка градина каде што се користи музика по механички пат месечниот надоместок се определува според бројот на продадени влезници и тоа:

0,01 бод по посетител

V. АКВА ПАРКОВИ И ЕКСКЛУЗИВНИ ЗАБАВНИ ПАРКОВИ

**Тарифен број 19**

За користење на фонограми и изведби во Аква паркови и Ексклузивни забавни паркови, месечниот надоместок се определува според бројот на продадени влезници и тоа:

0,02 бода по посетител

XVI. УЧИЛИШТА ЗА ТАНЦУВАЊЕ

**Тарифен број 20**

За користење на фонограми и изведби во училиштата за танцување месечниот надоместок изнесува 10 бодови.

XVII. САЛОНИ ЗА ИГРА

**Тарифен број 21**

За користење на фонограми и изведби во салони за забава и/или игри, билијард клубови, флиперници, автомати, куглани, обложувалници и слично, кои користат музика по механички пат, доколку не пружаат угостителски услуги, месечниот надоместок изнесува 5 бодови.

XVIII. КАЗИНА

**Тарифен број 22**

За користење на фонограми и изведби во обложувалници,казина и слично месечниот надоместок изнесува 100 бодови.

XIX. АЕРОБИК И ФИТНЕС КЛУБОВИ

**Тарифен број 23**

За користење на фонограми и изведби во центри за аеробик и сл. активности и фитнес клубови месечниот надоместок се определува врз основа на површина и тоа:.

| Површина на простор во $м^2$ | Цена во бодови |
|---|---|
| до 100 $м^2$ | 25 |
| повеќе од 100 $м^2$ | 50 |

XX. МУЗИЧКИ АВТОМАТИ И КАРАОКЕ

**Тарифен број 24**

За користење на фонограми преку музички автомати и караоке месечниот надоместок изнесува 20 бодови.

XXI. ЈАВНИ ПАРКИНЗИ И ГАРАЖИ

**Тарифен број 25**

За користење на фонограми на јавни паркинзи и гаражи се плаќа месечен паушален износ во вредност од 16 бода зголемен за 0,05 бода за секое паркинг место.

## XXII. ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ

### Тарифен број 26

За користење на фонограми преку телефон месечниот надоместок изнесува 10 бода по влезна операторска линија.
Доколку не постои посебен договор, а корисникот не и достави на ММИ потполни и вистинити податоци за остварениот приход, надоместокот ќе се пресмета во дуплиран износ од последниот месец за кои постојат податоци
Доколку се работи за нов корисник, а тој не достави податоци за остварениот приход, надоместокот ќе се пресмета во дуплиран износ од познати податоци на други корисници.

## XXIII. ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ

### Тарифен број 27 (Симул кастинг)

За користење на фонограми и изведби преку истовремено радиодифузно емитување на радио или телевизиска програма по пат на сателит и/или веб стриминг, наречено симул кастинг, надоместок на годишно ниво се утврдува во износ од 20% од висината на надоместокот кој што соодветниот радиодифузер го плаќа согласно Тарифните броеви 1, 2 и 3, пропорционално на времето на емитување на програмата по пат на сатели и/или веб стриминг.
Доколку не постои посебен договор, а корисникот не и достави на ММИ потполни и вистинити податоци за времето на емитување на програмата по пат на сателит и/или веб стриминг, надоместокот ќе се пресмета во дуплиран износ од последниот месец за кој постојат податоци.
Доколку се работи за нов корисник, а тој не достави податоци за времето на емитување на програмата преку сателит и/или веб стриминг, надоместокот ќе се пресмета како да е програмата емитувана континуирано во текот на 24 часа, во текот на целата година.

### Тарифен број 28 (Веб кастинг)

За користење на фонограми и изведби преку веб кастинг месечниот надоместок изнесува 0,001 бод по бројот на логирани корисници, но не помалку од 42 бода.
Доколку не постои посебен договор, а корисникот не и достави на ММИ потполни и вистинити податоци за бројот на логирани корисници во текот на еден месец, надоместокот ќе се пресмета во дупли износ од последниот месец за кои постојат податоци
Доколку се работи за нов корисник, а тој не достави соодветни податоци надоместокот ќе се пресмета во дупли износ од познати податоци на други соодветни корисници.

XXIV. РИНГ ТОНОВИ

**Тарифен број 29**

За користење на фонограми преку ринг тонови месечниот надоместок изнесува 3,4% од приходот оставарен од тие услуги према бројот на корисници, но не помалку од минималниот апсолутен износ кој изнесува 20 бода.
Доколку не постои посебен договор, а корисникот не и достави на ММИ потполни и вистинити податоци за оствареniот приход, надоместокот ќе се пресмета во дупли износ од последниот месец за кои постојат податоци

Доколку се работи за нов корисник, а тој не достави податоци за оствареniот приход, надоместокот ќе се пресмета во дупли износ од познати податоци на други корисници

# НАДОМЕСТ ЗА КОНЦЕРТИ И ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ

XXV. КОНЦЕРТИ И ДРУГИ ИНТЕРПРЕТАТОРСКИ ПРИРЕДБИ

**Тарифен број 30**

Надоместокот за настапи со музичка придружба на фонограм (плејбек), како концерти, музички фестивали, музички свечености , музички натпревари и сл. каде што најмалку еден вокал е одпеан во живо (делумен пејбек), надоместокот изнесува 2,5 % од остварениот приход.
Ако настапот е на целосен плејбек (сите изведувачи настапуваат на плејбек), надоместокот изнесува 2,9% од остварениот приход.
Минималниот надоместокот од став 1 на овој тарифен број изнесува 70 бодови, а минималниот надомест од став 2 на овој тарифен број изнесува 85 бодови.

XXVI. ЗАБАВНИ ПРИРЕДБИ

**Тарифен број 31**

За користење на фонограми (механичка музика):

а) на забава, игранка, другарска вечер, прослава, банкет, матурска, бруцошка, дипломска, клупска вечер и сл. со наплата на влезница или друг облик на наплата надоместот изнесува 2,5% од приходот, а најмалку 10 бода, колку што изнесува надоместот и во случај кога приредбата е без наплата.

б) на сезонски забавни приредби како што се бал, маскенбал, карневал, пречек на Нова година, 8 март и слично со наплата на влезници или друг облик на наплата, надоместот изнесува 2,5% од приходот, а најмалку 15 бода, колку што изнесува надоместот и во случај кога приредбата е без наплата.

XXVII. ДРУГИ ПРИРЕДБИ

**Тарифен број 32**

За користење на фонограми:

а) на танцов натпревар, ревија на мраз, кабаре, балет, свечена академија и други манифестации со наплата на влезници, надоместот изнесува 3,4% од приходот, а најмалку 40 бода колку што изнесува надоместот и во случај кога приредбата е без наведената наплата;

б) на модна ревија, избор на убавица, демонстрација на производи или слични манифестации со наплата на влезници, надоместот изнесува 3,4% од приходот, а најмалку 50 бода колку што изнесува надоместот и во случај кога приредбата е без наведената наплата;

в) на циркуска, артистичка или слична приредба со наплата на влезници, надоместот изнесува 2,5% од приходот, а најмалку 50 бода колку што изнесува надоместот и во случај кога приредбата е без наведената наплата.

г) на свадби, крштевки, сунет и слични приредби кои се одржуваат во простории во кои се врши угостителска дејност (ресторани, ноќни клубови и барови, диско клубови, домови на културата,саеми, музеи, шатор,дворови и сл. и надоместот по приредба изнесува 20 бода.

# НАДОМЕСТ ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ ФОНОГРАМИ И ВИДЕОГРАМИ

XXVIII. ИЗНАЈМУВАЊЕ ФОНОГРАМИ И ВИДЕОГРАМИ

**Тарифен број 33**

Надоместокот за изнајмување на фонограми и видеограми изнесува 3,4% од вкупниот месечен приход остварен од изнајмувањето, врз основа на приложен извештај од корисникот најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец, но не помалку од 20 бода месечно.

XXIX. ВРЕДНОСТ НА БОДОТ

Вредноста на бодот изнесува 50,00 денари.

XXX. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа тарифа стапува на сила со денот на нејзиното објавување во Службен весник на РМ.

Скопје,
14.10.2015

Претседател на Управен Одбор на ММИ